# СЛУЖБЕН ГЛАСНИК
# НА ОПШТИНА КАРПОШ

Број 4 * година VII* 28. 03. 2012 година * Карпош * цена:
Излегува по потреба
e-mail: kontakt@karpos.gov.mk, www.karpos.gov.mk

Скопје, март 2012 година

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за проширување на сраедствата во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Одлуката за проширување на сраедствата во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/1**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

1.Се објавува Одлуката за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/2**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош („Службен галсник на Општина Карпош” бр. 01/2006) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

# О Д Л У К А

за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година

**Член 1**

Во Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година („Службен гласник на Општина Карпош” бр. 19/2011, 01/2012) во членот 9 став 2 бројот “73,85“ се заменува со бројот “73,80“.

**Член 3**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош”.

**Број 07- 2106/2**
**27.03.2012 година**
**Скопје**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**
**НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од централен комплекс на зеленило покрај река Вардар “Младинско-спортски центар“, дел од Блок 1 и дел од Блок 2, Општина Карпош, Скопје

1.Се објавува Одлуката за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од централен комплекс на зеленило покрај река Вардар “Младинско-спортски центар“, дел од Блок 1 и дел од Блок 2, Општина Карпош, Скопје донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/3**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22 став 1 и член 26 став 4 од Законот за просторно и урбанистичко планирање („Службен весник на Република Македонија” бр. 51/2003, 137/2007, 91/09, 124/2010,18/2011 и 53/2011) и член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” бр. 5/2002), Советот на Општината Карпош, на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година, донесе

## О Д Л У К А

за утврдување на Нацрт Детален урбанистички план за дел од централен комплекс на зеленило покрај река Вардар “Младинско-спортски центар“, дел од Блок 1 и дел од Блок 2, Општина Карпош, Скопје

**Член 1**

Со оваа Одлука се утврдува Нацрт Детален урбанистички план за дел од централен комплекс на зеленило покрај река Вардар “Младинско-спортски центар“, дел од Блок 1 и дел од Блок 2, Општина Карпош, Скопје

Нацрт-Деталниот урбанистички план е изработен според одредбите за спроведување на Генералниот урбанистички план на Град Скопје, Законот за просторно и урбанистичко планирање, Правилникот за стандарди и нормативи за урбанистичко планирање и Правилникот за поблиска содржина и начинот на графичка обработка на плановите и за начинот и постапката за донесување на урбанистички планови.

**Член 2**

Просторот за кој се утврдува Нацрт- Детален урбанистички план е дефиниран со следните граници:

**На север**: на север оди по осовината на река Вардар за постепено да премине по осовината на пешечката улица кон запад

**На запад:** оди по осовината на пешечката улица се до пресечената точка со улица Новопланирана 3

**На југ:** оди по осовината на улица Новопланирана 3, преку улица “Новопланирана 8“ поминува на осовината на пешачка патека и продолжува по јужната граница на КП 328/2, па по западната граница на КП 561 до пресечната точка со осовината на ул.“Новопланирана 3“ и продолжува до пресечната точка со бул.“8-ми Септември“

**На исток:** пооската на бул."8-ми Септември" и бул."Илинден"

Површината на урбаниот опфат изнесува 24,36 ха.

## Член 3

Опфатот на Нацрт-Деталниот урбанистички план ги содржи следните намени: домување во станбени куќи А1 со компатибилни намени, и домување во станбени згради А2 со компатибилни намени,комунална супраструктура и заштитно зеленило.

Намените предвидени во овој нацрт-детален урбанистички план се во согласност со намените во Генералниот урбанистички план на Град Скопје од 2002 година.

Во рамките на Нацрт-планот се предвидени следните класи и намени на земјиштето:

Б5 – хотелски комплекс

Д3- спорт и рекреација (компатибилни класи на намени: А4-20%,Б1-10%,Б2-30%,Б3-10%,Б4-10%,Б5-20%,Б6-30% и В3-20%)

Д2-заштитно зеленило

Максималната висина на градбите Нмах.=31,50м. Со Нацрт-планот се одредени

- облик и големина на градежна парцела /м2/
- регулациона линија,
- градежна линија која го дефинира просторот во кој може да се гради,
- максимална површина за градба во која може да се развие основата на објектот /м2/,
- процент на изграденост /%/,
- максимална развиена површина на објект /м2/,
- коефициент на искористеност /К/,
- намена на објектот,
- максимална висина на објектот / до завршниот венец / одниво на тротоар, сообраќајница или пристапна патека,
- паркирање-гаражирање на возилата во рамките на парцелите.

## Член 4

Составен дел на оваа Одлука се:

- Текстуален дел,
- Графички прилози,
- Основни праметри за уредување на просторот, и
- Табеларен приказ на урбанистичките параметри.

**Член 5**

Градоначалникот на Општина Карпош ќе организира Јавна презентација и Јавна анкета по Нацрт-Деталниот урбанистички план за кој претходно е добиено мислење, со утврдување на времето и местото каде ќе биде изложен планот и спроведувањето на јавната презентација и јавната анкета.

**Член 6**

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 2106/3<br>
27.03.2012 година<br>
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ<br>
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,<br>
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/4** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

## ПРОГРАМА
за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година

### член 1

Се врши дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2012).

Во делот II, по точката 48 се додаваат две нови точки и тоа:

-точка 49 – Предлог-Одлука за утврдување на измена и дополна на Нацрт-Детален урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски-Кочо,дел А, Блок 1,Општина Карпош-Скопје,

-точка 49.1- Предлог-Одлука за донесување на измена и дополна на Детален урбанистички план за населба Козле, МЗ Пецо Божиновски-Кочо,дел А, Блок 1,Општина Карпош-Скопје.

-точка 50 – Предлог-Одлука за утврдување на Нацрт-Детален урбанистички план за "Карпош3", Локалитет 1, Блок 1,Општина Карпош-Скопје,

-точка 50.1- Предлог-Одлука за донесување на Детален урбанистички план за за "Карпош3", Локалитет 1, Блок 1,Општина Карпош-Скопје.

### член 2

Оваа Програма влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07 - 2016/4
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година

1.Се објавува Програмата за дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/5**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 22, став 1, точка 6 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 5/02), Советот на Општина Карпош, на Педесеттата седница, одржана на 27 март 2012 година, донесе

**ПРОГРАМА**

за дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година

I. Во Програмата за дејноста спорт за 2012 година (“Службен гласник на Општина Карпош” бр. 19/2011 ), глава IV.Преглед на спортски манифестации под организација и покровителство на Општина Карпош, во точка 7, во делот организатор/покровител по зборовите “Општина Карпош” се додава нов текст кој гласи:„-Организатор на Меѓународниот професионален турнир Карпош опен 2012 е Шаховскиот клуб Гамбит Ассеко СЕЕ”, а во делот ресурси / трошоци по зборовите„2.070.000,00 денари “ се додаваат зборовите “(шаховски домашен – аматерски – денови на општината – 100.000,00 денари, Божиќен -120.000,00 денари и Меѓународен професионален турнир Карпош Опен 2012 – 1.850.000,00 денари).

II.Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07 – 2106/5
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски ,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локалниот економски развој за 2012 година

1.Се објавува Програмата за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локалниот економски развој за 2012 година, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/6**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 62 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 16 од Статутот на Општина Карпош ("Службен галсник на Општина Карпош"бр.01/2006) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

ПРОГРАМА
за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локалниот економски развој за 2012 година

1. Се врши изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од областа на локалниот економски развој за 2012 година ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.19/2011) како следи:

Текстот во делот "Мисија " се брише и се заменува со нов текст кој гласи:

" I. ЦЕЛИ НА ПРОГРАМАТА

Согласно заложбите на Секторот за развој, во оваа програмата се опфатени различни проекти кои ги вклучува малите и средни претпријатија, младите лица (високоовразони), занаетчиите, како и сите граѓани на територија на Општина Карпош, со цел преку низа активности, мерки, обуки и проекти да се придонесе за подигнување на локалниот економски развој на територија на Општина Карпош. Не исклучувајќи ги и можностите кои ги нуди Европската унија, вклучени се и активности за подготовка на општината во аплицирање за добивање на проекти од програмата за Прекугранична соработка и други програми кои би се отвориле во 2012 година, од страна на Европската унија и други странски донатори. "

**1.Точка 1** – "Запознај го Карпош" се брише.

**2.Точката 8** - "Меѓугранична соработка со косовска општина за искористување на ИПА фондовите од Европската унија" станува точка 1.

Во оваа точка во делот Буџет, бројот 200.000,00 се заменува со бројот 100.000,00.

**3.Точката 9**- "Сам свој газда" во делот Буџет бројот 310.000,00 се заменува со бројот 430.000,00 и оваа точка 9 станува точка 2.

**4.Точката 5** –"Ем умеам, ем можам " станува точка 3.

**5.Точката 4** "Отварање на веб страна за туризам се брише, а точката 7 – "Учество на меѓународен саем на општини"- станува точка 4.

**6. Во точката 12.** "Крводарителска акција", во делот Буџет ,бројот 250.000,00 се заменува со брјот 200.000,00 и оваа точка 12 станува точка 5.

7. **Во точка 6** текстот "Формирање на база на податоци на НВО" се заменува со нов текст кој гласи:

**" Обука за бизнис секторот за вештини во маркетингот, продажни вештини и обука за истражување на задоволството на клиентите**

<u>Краток опис</u>

Целта на овие обуки е да се опфати бизнис секторот кои работи на територија на Општина Карпош и позитивно да се влијае на нивното работење со цел зајакнување на локалниот развој во Општина Карпош. Учесниците (вработени во бизнис секторот) ќе можат да се пријават во било која од обуките. Обуката би се одржала доколку има пријавено минимум 15 учесници. Во спротивно, реализаторот има право да ги прераспредели во други групи. Динамиката и опфатот на обуките би бил следниот:

- ОБУКА ЗА ВЕШТИНИ ВО МАРКЕТИНГОТ

Во овој курс учесниците ќе се запознаат со целосниот процес на маркетинг и колкаво е неговото значење за успехот на фирмите. Тие исто така ќе научат како потрошувачите ги донесуваат одлуките за купување, како да се сегментираат пазарите, како да се таргетираат потенцијалните купувачи и како да се определат инструментите на маркетинг миксот за таргетираните сегменти.

Овој курс овозможува учесниците да сознаат маркетинг методите кои се применуваат во нивните компании и заедно со останатите учесници во групата и тренерот заедно да ги анализираат. Ако учесниците доаѓаат од различни организации тогаш тоа е уникатна можност да се разменат маркетинг идеи од различните сектори и индустрии кое што историски се покажало како одличен извор на маркетинг инвоции.

Во овој еднодневен исклучително практичен курс учесниците ќе научат за:

*1. Вовед во маркетинг*
*2. Разбирање на купувачите*
*3. Маркетинг стратегија*
*4. Инстументи на маркетинг миксот*

- ОБУКА ЗА ПРОДАЖНИ ВЕШТИНИ

Овој курс ги опфаќа традиционалните и модерните техники за продажба и ги подготвува учесниците за упешна продажба во разни сектори: трговија, услужен сектор, прозводство како и за Б2Б и Б2Ц сектори. Исто така, по комплетирање на овој курс учесниците ќе бидат оспособени да се справат и со комплицирани

продажни сутуации било да станува збор за мали или големи проекти. Во овој еднодневен исклучително практичен курс учесниците ќе научат за:

**1. Зошто луѓето купуваат?**
**2. Кои модели треба да се следат кога се продава?**
**3. Кои стратегии треба да ги следите?**
**4. Како да најдобро да ја формулирата вашата продажна приказна?**
**5. Како да ги употребите модерните методи за продажба?**
**6. Како најдобро да се презентираш?**

❖ ОБУКА ЗА ИСТРАЖУВАЊЕ НА ЗАДОВОЛСТВОТО НА КЛИЕНТИТЕ

Задоволството на клиентите е најважен нефинансиски индикатор со кој се мери успешноста на работењето на компаниите, особено во услужниот сектор (ресторани, хотели, кафетерии, и сл.). Задоволните клиенти прават бесплатна промоција на фирмите. Клучната цел на фирмите треба да биде задржување на лојалните клиенти со што директно се зголемува нивниот профит. Во новото време, задржувањето на лојалните клиенти е многу поважно од освојувањето на нови.

По комплетирањет на обуката за истражување на задоволството на клиентите, учесниците ќе ги имаат одговорите на следниве прашања:

1. Зошто да се мери задоволството на клиентите?
2. Како се дефинира задоволството на клиентите?
3. Кога да се спроведе истражувачки процес?
4. Колку клиенти треба да се истражуваат?
5. Како се одредува репрезентативност на примерокот?
6. Како се креира ефективен анкетен прашалник? Кои видови на скали постојат за тоа?
7. Кои се начините за дистрибуција на прашалникот?
8. Како се анализираат и интерпретираат резултатите?
9.Како да извлечете препораки од анализата на резултатите од прашалникот?
10. Како да ги промовирате резултатите од прашалникот?

<u>Очекувани резултати</u>

Директни бенефити од овие обуки малите и средните претпријатија од сите дејности во кои што тие се вработени, особено од секторите маркетинг, продажба и односи со клиенти.

Со тоа ќе се влијае на подобрување на работењето на претпријатијата кои се наоѓаат во Општина Карпош, што пак директно би се одразило поситивно врз локалниот економски развој.

<u>Буџет:</u> **300.000,00 денари**

Се предвидува да се обучат вкупно 65 учесници во 4 различни групи.

Цената по учесник изнесува 4650 денари. Во оваа цена се вклучени:

1. Подготовката на програмата за обуката
2. Испорака на обуката од страна на 1 тренер / обучувач
3. Работна тетратка и прирачник за секој слушател

Проектот е предложен и ќе се реализира со Центар за поддршка на бизнисите – Vision con sulting. “

8.- Точката 6-“Формирање на база на податоци на НВО“ станува точка 7.

9. - Точката 15-“Организирање на манифестација Вешта рака“ станува точка 8.

Во оваа точка, текстот после третиот пасус се менува и гласи:

“ I награда 8000.00 денари x 2
II награда 6000,00 денари x 2
III награда 4000,00 денари x 2“

Во делот Буџет бројот“ 100.000,00“ се заменува со бројот “150.000,00“.

10. Точката 2 станува точка 9.

Текстот во оваа точка - “Евидентирање на сместувачките капацитети на територија на Општина Карпош,како еден од факторите за развој на промоција на туризмот “ се менува и гласи:

“Евидентирање на сместувачките капацитети на територија на Општина Карпош и формирање на веб страна во туризмот“.

Во делот Буџет бројот“150.000,00“ се заменува со бројот “200.000,00“.

11.Точката 10 се брише.

12. Точката 11-Интернационална тортијада 2012 станува точка 10

13. Во Точка 11 текстот “Интернационална Тортијада 2012“ се заменува со нов текст кој гласи:

## 11. “И жените можат“

<u>Краток опис</u>

Согласно со уставот на Република Македонија, половата рамноправност е гарантирана и секое попречување во остварувањето на овие права, значи и прекршување на основните човекови права.

Грижата и обврските спрема населението се основните мотивирачки фактори во работата во заедницата. Сеедно, дали со намера, или по самиот тек на настаните, работниците во заедницата преку организациите и планираните активности обезбедуваат простор и се валидни примери за локалното население со кои што работат. Во оваа насока се движи и конвенцијата на ООН во однос на правото на секој граѓанин, а тоа е дека:

1. Сите членови на општеството имаат право на целосен емоционален, социјален и интелектуален развој;

2. Опшстеството има за обврска да обезбеди пристап на граѓаните до ресурсите и можностите кои што го овозможуваат овој развој.

Во оваа нсока се движи констатацијата дека правото на работа, односно рамноправниот пристап до берзата на трудот е едно основните права на секоја индивидуа.

Реализацијата на проектот ќе се одвива во три фази:

1. Истражување за потребите на целната група
2. Обука, доквалификација и преквалификација
3. Реализација на бизнис планови

**<u>Очекувани резултати</u>**

- Да се зајакнат капацитетите на женската популација, преку испораки на обука за личен и професионален развој;
- Да се подобрат знаењата и вештините во делот на вештините за преговарање и односи на работните места;
- Да се зголеми информираноста на женската популација и подобрување на пристапот до информации за вклучување во процесот на донесување на одлуки во локалната заедница;
- Да се влијае на намалување на нивото на невработеност на национално и локално ниво, преку поттикнување на женската популација за реализација на нивните бизнис идеи.

**<u>Буџет: 120.000,00</u> денари**

Проектот е предложен и ќе се реализира со Младински центар ИДЕА - Скопје

Во делот Буџет, бројот 150.00,00 се заменува со 200.000,00.

Точката 4 се брише.

Точката 12 се менува и гласи:

## "12. Акцелератор услуга- ПСМ стартап предизвик

**<u>Краток опис</u>**

Проектот вклучува селекција преку отворен конкурс со кој ќе се изберат 20 млади луѓе од општината Карпош кои ќе поминат 3 месеци во ПСМ Акцелераторот каде ќе добијат бесплатен простор за работа (современа канцеларија со интернет

пристап), совети од ментори, можност за вмрежување со потенцијални инвеститори и средби со успешни претприемачи кои ќе им помогнат да се соочат со предизвиците во текот на престојот. Понатаму, по изминување на перидот од 3 месеци, 3те најуспешни ќе бидат наградени со награден фонд во износ од 150 000 денари.

**Цели на проектот**

- Создавање нова генерација на претприемачи, кои понатаму би биле идни работодавачи и би креирале работни места во заедницата
- Директно креирање на нови услужно бизниси кои ќе бидат конкурентни на пазарот

**Целна група**

Директни корисници ќе бидат 20 млади образовани лица, кои ќе бидат селектирани преку објавениот конкурс. Индиректно и на подолг рок, овие млади луѓе преку своите компании би овозможиле работни места за десетици млади луѓе.

**Оправданост**

Претприемништвото има потреба од континуирана поддршка и водство во најраната фаза од развојот на компанијата, каде рационалните одлуки и адекватниот пристап кон пазарот се од пресудно значење. На компаниите им е потребна „здрава" средина, во опкружување од млади луѓе- основачи и сопственици на бизниси со кои секојдневно би разменувале искуства, мислења и идеи, како и безрезервна поддршка за побрз развој на нивниот бизнис. Ваквиот начин на поддршка на младите е најефективен начин за креирање на компании, земајќи ја во предвид и трошочната ефикасност.

**Активности во рамките на проектот**

- ✓ **Објавување на ПСМ предизвикот и процес на селекција на кандидатите**- промотивни активности (објави на интернет страните на ПСМ фондација (www.yes.org.mk, www.obuki.mk и www.pretpriemac.mk), социјални медиуми, мејлинг листи, канали за информирање на општината, промотивни материјали) за регрутирање на учесници и нивна селекција преку писма за интерес и биографии;
- ✓ **Работа во ПСМ акцелераторот** –во период од 3 месеци, избраните 20 кандидати ќе имаат прилика да работат на реализирање на сопствените бизнис идеи со поддршка и помош од стручен тим, вработените во ПСМ Фондација, ментори и искусни претприемачи кои ќе им помогнат да се соочат со предизвиците во текот на престојот. Бизнис идеите задолжително мора да бидат од услужниот сектор.

✓ **Селекција и наградување на најуспешните претприемачи** - по завршувањето на периодот од 3 месеци, врз основа на претходно дефинирани критериуми за развој, ќе бидат селектирани 3те најуспешни претприемачи кои ќе бидат наградени со награден фонд од 150 000 мкд. Наградите ќе бидат врзани со основање на компанија (или пак финансирање на веќе постоечките компании во

сопственост на победниците), односно услов за наградата е средствата да бидат искористени за основање на компанија и средства за нејзиното опстанување.

**Буџет : 300.000,00 денари**
Проектот е предложен и ќе се реализира со ПСМ фондација.“

13.-Точката 13 се менува и глси:

## “ 13. Правата на жените

**Краток опис:** Со проектот се планира да се опфатат жените во Општина Карпош од месната заедници со цел да се презентира Законот за родова еднаквост и можностите и правата кои ги имаат жените/мажите по основ на овој закон.

**Буџет: 120.000,00 денари**
Овој проект е предложен и ќе се спроведе од страна на Организација на жени на Општина Карпош - Тафталиџе 2

14.-Точката 3 -“Денови на занаетчиите“ се брише.

15.-Точката 4 се брише.

16.Делот: Вкупен Буџет на Програмата се менува гласи :

“II. ФИНАНСИРАЊЕ

Вкупниот буџет од **4.040.000,00 денари** за финансирањето на активностите утврдени со оваа Програма е предвидено со Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.
Определени финансиски средства можат да бидат обезбедени и од спонзорства и донации.

За активностите од областа што ги опфаќа Програмата, а кои во својата актуелност, квалитет и општествен интерес ќе се појават во текот на 2012 година, ќе бидат предвидени дополнителни финансиски средства од Буџетот на Општина Карпош.

По завршување на проектите секој реализатор е должен до Советот на Општина Карпош да достави извештај за реализираниот проект.

III. ЗАВРШНА ОДРЕДБА

Програмата е отворена во текот на целата година за нејзино надополнување со активности кои би биле во согласност со целите, мисијата и визијата на Секторот за развој.

Оваа Програма влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 1 јануари 2012 година.“

Број 07 – 2106/6
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Акционен план
за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (локален еколошки акционен план) за 2012

1. Се објавува **Акциониот план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (локален еколошки акционен план) за 2012 год** донесен на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2. Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/7** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

**Акционен план**
**за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (локален еколошки акционен план) за 2012 год.**

**Вовед**

Во согласност со Законот за локална самоуправа (Службен весник на Р.М. бр. 5/2002), една од надлежностите на општините е „заштита на животната средина и природата преку мерки за заштита и спречување од загадување на водата, земјиштето, заштита на природата, заштита од бучавата и нејонизирачкото зрачење".

Според Законот за животна средина (Службен весник на Р.М. бр. 53/2005, 24/07, 159/08, 83/09 и измени 124/10, 51/11) "Советот на општината, на градот Скопје и на општините во градот Скопје, врз основа на оцената на своите специфични состојби и потреби, а во согласност со Националниот акционен план за животната средина, донесуваат локални акциони планови за животната средина во согласност со утврдена методологија".

Почитувајќи ги овие законски обврски, преку веќе донесениот ЛЕАП на општина Карпош во кој се идентификувани клучните проблеми поврзани со заштитата на животната средина опфатени во следните тематски области:

- Воздух;
- Бучава;
- Води;
- Отпад;
- Почва и искористување на земјиште;
- Природа.

Анкетата спроведена на идентификуваните 56 проблеми од сите тематски области посочи 25 клучни проблеми кои се предмет на дејствување со акциските планови во шестгодишниот период на реализација на овој стратешки документ.

Акцискиот план за 2012 година претставува предлог мерки и активности кои се однесуваат на овие наведени проблеми што треба да почнат или целосно да се

реализираат во 2012 година. Во програма за работа на секторот за заштита на животната средина и природата за 2012 година е предвиден буџет од 4.000.000,00 денари за реализација на истите.

**Методологија за реализација на активностите**

Врз основа на ДПСИР методологијата (*Driving force - движечка сила*, *Pressure - притисок*, *State - состојба*, *Impact - влијание, Response - одговор/реакција*) преку која се дефинира движечките сили кои имаат влијание на животната средина, притисокот кој ја модифицира состојбата на медиумите и животната средина, сегашната состојба и влијанието како и дефинирање на соодветен одговор/акција за решавање на проблемите.
Имајќи ја во предвид ДПСИР методологијата во целост Акциониот план е базиран на истата и се фокусира на следниот методолошки пристап на реализација на активностите со следниот редослед:

- Дефинирање на проблемот,
- Дефинирање на мерки за разрешување,
- Идентификација на акциите кои треба да се превземат за спроведување на предложените мерки,
- Одговорни лица за спроведување на активностите,
- Временска квартална реализација на активности,
- Предвидени средства за реализација и
- Идентификација на можни надворешни извори за финансирање.

За секој од предложените проекти за реализација се предвидува и план за набљудување и оценување кој ги содржи:

1. Очекување резултати;
2. Показатели и успех;
3. Фрекфенција на следење;
4. Одговорно лице за набљудување и оценување на успешноста на реализацијата на мерките и акциите во ЛЕАП за општина Карпош.

**Мерки и активности за реализација – табеларен приказ**

- **Во прилог**

**Финансиски импликации**

Општина Карпош во рамките на својот финансиски и кадровски потенцијал, а во соработка со Министерството за животна средина и просторно планирање и останатите Општини во Град Скопје, вложува напори да го одржи и поправи нивото на квалитетот на животната средина.
Во согласност со финансиските можности како средства во буџетот за реализација на овој акциски план во 2012 година се проектирани вкупно 4.000.000,00 денари. Овие средства ќе бидат искористени за најнеопходните мерки и активности што треба да ги превземе општината кои се дадени во текстот подолу.

За спроведување на предложените активности се проектирани следниве потребни средства:

1. Набавка на мерен инструмент за мобилно следење на аерозагадувачките емисии во воздухот ----------------------- 130.000,00 ден.
2. Набавка на мерен инструмент за нивото на бучавата ------ 21.000,00 ден.
3. Набавка на PICK-UP возило за теренска контрола со мобилните мерни инструменти за Секторо за заштита на животна средина и овластениот инспектор за животна средина ---------------------------------- 700.000,00 ден.

**Вкупно : 851.000,00 ден.**

Останатиот дел од средставата во износ од **3.150.000,00** денари во висина од 0 до максимум 50% учество ќе се употреби во аплицирањето за добивање надворешни средства за:

4. Мобилна мерна станица за амбиентален воздух со показен дисплеј која ќе се монтира на критични позиции во одреден временски период.

Проценета в**редност по понуда: 3.900.000,00 ден.**

Овој Акционен план обезбедува успешна реализација на современиот приод при креирањето и спроведувањето на политиката за заштита на животната средина и планирањето на одржливиот развој кој не е можен без квалитетни, исцрпни и ажурни информации за изворите на загадувањето, за состојбата во животната средина и просторот, за техничко – технолошките решенија кои се на располагање

и за економско – финансиските односи во фазите на инвестирање и реализирање на производство.

Поттикнати од законските обврски, но и свесни за состојбите со животната средина во општината и желбата истата да се унапреди, општината Карпош во контуитет ќе продолжи за кон спроведување на ЛЕАП-от како план на мерки и активности за решавање на проблемите во животната средина и зачувување на постојните природни убавини и релативно чиста животна средина.

**Бр.07-2106/7**
**27.03. 2012 година**
**Скопје**

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство

1.Се објавува Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/8**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 5/02/, а во врска со член 72, став 2 и член 92, став 1 од Законот за концесии и други видови на јавно приватно партнерство /„Службен весник на Република Македонија“ бр. 7/2008, 139/2008, 64/2009 и 52/2010/, Советот на Општина Карпош, на Педесеттата седница, одржана на 27 март 2012 година, ја донесе следната

**О Д Л У К А**

на изменување на Одлуката за избор на најповолен
понудувач во постапката за доделување на Договор
за јавно приватно партнерство

**Член 1**

Во Одлуката за избор на најповолен понудувач во постапката за доделување на Договор за јавно приватно партнерство/„Службен гласник на Општина Карпош“ бр. 3/2012/, во член 2, алинеја 2 бројот „600“ се заменува со бројот „700“.

**Член 2**

Оваа одлука да се објави во „Службен весник на Република Македонија“.

**Член 3**

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“, а ќе се применува од 22 февруари 2012 година.

Број 07-2016/8 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03.2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за активности на Општина Карпош во развој и унапредување на месната самоуправа во Општина Карпош 2011 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за активности на Општина Карпош во развој и унапредување на месната самоуправа во Општина Карпош 2011 година, донесен на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/9** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоу Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

**ЗАКЛУЧОК**

за усвојување на Извештајот за извршување на Програмата за активности на Општина Карпош во развој и унапредување на месната самоуправа во Општина Карпош 2011 година

1.Се усвојува Извештајот за извршување на Програмата за активности на Општина Карпош во развој и унапредување на месната самоуправа во Општина Карпош за 2011 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Секторот за поддршка на градоначалникот.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2106/9
27.03 . 2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмта за работа на Секторот инспекторат за 2011 година

1.Се објавува Заклучокот за усвојување на Извештајот за извршување на Програмта за работа на Секторот инспекторат за 2011 година, донесен на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/10**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија“ 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

## ЗАКЛУЧОК

за усвојување на Извештајот за извршување на Програмта за работа на Секторот инспекторат за 2011 година

1.Се усвојува Извештајот за извршување на Програмта за работа на Секторот инспекторат за 2011 година.

2.Примерок од Заклучокот да се достави до Секторот за инспекторат.

3.Овој Заклучок влегува во сила наредниот ден од денот на објавување во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 2106/10 ПРЕТСЕДАТЕЛ
27.03 . 2012 година НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
С к о п ј е **Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, заради изградба на улица “Димитар Митрев“ и изградба на топловод на улица “Багдадска“ во Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, заради изградба на улица “Димитар Митрев“ и изградба на топловод на улица “Багдадска“ во Општина Карпош, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/11** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 точка 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр.05/2002) и член 30 став 3 од Законот за меѓуопштинската соработка (“Службен весник на Република Македонија” бр.79/09) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, заради изградба на улица “Димитар Митрев“ и изградба на топловод на улица “Багдадска“ во Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош го прифаќа предлогот за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје и се уредува начинот,условите,финансирањето и други прашања заради остварување на заедничка цел и интерес за изградба на улица “Димитар Митрев“ и изградба на топловод на улица “Багдадска“ во Општина Карпош

Член 2

Вкупната вредност на проектот изнесува 14.000.000,00 денари.

Општина Карпош во остварувањето на соработката ќе учествува со средства обезбедени од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, во износ од 1.600.000,00 денари, и 1.000.000,00 денари, ако има дополнителни работи..

Средствата можат да се користат исклучиво за намената утврдена со членот 1 на оваа Одлука и во согласност со прописите со кои се уредува таков тип објекти и со почитување на прописите кои се однесуваат на јавните набавки.

Член 3

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи Договор со Градоначалникот на Град Скопје, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинската соработка.

Реализацијата на Договорот ќе почне откако ќе заврши јавната набавка која ќе ја спроведе Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош”.

Број 07 – 2106/11
27.03.. 2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Карпош
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа на подрачје на Општина Карпош

1.Се објавува Одлуката за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, заради изградба на улица "Димитар Митрев" и изградба на топловод на улица "Багдадска" во Општина Карпош, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/12** — **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** — **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** — **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.05/2002) и член 4 од Законот за меѓуопштинската соработка ("Службен весник на Република Македонија" бр.79/09) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

## О Д Л У К А
### за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа на подрачје на Општина Карпош

Член 1

Со оваа Одлука Советот на Општина Карпош воспоставува меѓуопштинска соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје , за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа на подрачје на Општина Карпош,согласно Законот за градежно земјиште и Програмата за уредување на градежно земјиште на Општина Карпош Градот Скопје.

Член 2

За реализација на оваа Одлука Градоначалникот на Општина Карпош ќе склучи Договор со Градоначалникот на Град Скопје, со кој ќе се воспостави меѓуопштинска соработка, во форма и содржина пропишана со Законот за меѓуопштинската соработка.

Член 3

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во "Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07 –2106/12
27.03. 2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
на Советот на Општина Карпош
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Согласноста на измените на Програмата за организација и изведување на екскурзии за учебната 2011/2012 година на ООУ "Лазо Трповски"

1.Се објавува Согласноста на измените на Програмата за организација и изведување на екскурзии за учебната 2011/2012 година на ООУ "Лазо Трповски", дадена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/13**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година дава

## С О Г Л А С Н О С Т

1.Се дава согласност на Измените на Програмата за организација и изведување на екскурзии за учебната 2011/2012 година на ООУ “Лазо Трповски“и тоа:

- во делот Дводневна општообразовна ејскурзија за 6-те одделенија во “Време на реализација и времетраење“, наместо зборот “ октомври“ да стојат зборовите “април и мај“, и
-во делот Тридневна општообразовна екскурзија за 8-те одделенија, во “Време на реализација и времетраење“, наместо зборот “октомври“ да стојат зборовите “април и мај“.

2. Согласноста да се достави до ООУ “Лазо Трповски“ и Секторот за дејности од јавен интерес.

Број 07-2106/13
27.03.2012година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Мислењето на Програмата за реализација на наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година во ООУ "Вера Циривири-Трена" ,Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Мислењето на Програмата за реализација на наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година во ООУ "Вера Циривири-Трена" ,Општина Карпош-Скопје, дадено на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/14**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа (“Службен весник на Република Македонија” бр. 05/2002), а во врска со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности донесен од Министерството за образование и наука, Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година го даде следното

**М И С Л Е Њ Е**

на Програмата за реализација на наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година во ООУ “Вера Циривири-Трена“ ,Општина Карпош-Скопје

1.Советот на Општина Карпош дава позитивно мислење на Програмата за реализација на наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година во ООУ “Вера Циривири-Трена“ ,Општина Карпош-Скопје

2.Екскурзијата може да се изведуваат согласно предвиденото во Програмата.

3. Примерок од Мислењето да се достави до основното училиште и Министерството за образование и наука.

4.Мислењето ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош“

Број 07-2106/14
27.03.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Мислењето на Програмите за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ОУ “Братство “,Општина Карпош-Скопје

1.Се објавува Мислењето на на Програмите за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ОУ “Братство “,Општина Карпош-Скопје, дадено на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/15**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36 став 1 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр. 05/2002), а во врска со Правилникот за начинот на изведување на ученички екскурзии и други слободни активности донесен од Министерството за образование и наука, Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година го даде следното

**М И С Л Е Њ Е**

на Програмите за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ОУ "Братство ",Општина Карпош-Скопје

1.Совет на Општина Карпош дава позитивно мислење на следните програми за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ООУ "Братство" Општина Карпош-Скопје:

- Програмата за реализација на дводневна наставно-научна екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година,

- Програмата за реализација на дводневна наставно-научна екскурзија со воспитно-образовен карактер за учениците од VIII одделение во учебната 2011/2012 година,

-Програма за реализација на еднодневен излет за учечениците од I-VIII одделение за учебната 2011/2012 година

-Програмата за реализација на настава во природа за учениците од IV одделение за учебната 2011/2012 година.

2.Екскурзиите може да се изведуваат согласно предвиденото во Програмите.

3. Примерок од Мислењето да се достави до основното училиште и Министерството за образование и наука.

4.Мислењето ќе се објави во "Службен гласник на Општина Карпош"

Број 07- 2106/15
27.03.2012 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за давање согласност на Правилникот за поблиските услови,начинот на продажба на сопствени производи и услуги на ЈУОДГ "Орце Николов"

1.Се објавува Одлуката за давање согласност на Правилникот за поблиските услови,начинот на продажба на сопствени производи и услуги на ЈУОДГ "Орце Николов", донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/16**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија” број 05/2002) и член 113 од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија” број 98/2000, 17/2003, 65/2004, 113/2005, 98/2008, 107/2008, 83/2009 ,156/2009, 51/2011, и 157/2011) Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

**О Д Л У К А**
за давање согласност на Правилникот за поблиските услови,начинот на продажба на сопствени производи и услуги на ЈУОДГ “Орце Николов“,

Член 1

Се дава согласност на Правилникот за поблиските услови,начинот на продажба на сопствени производи и услуги бр. 01-102 од 26.03.2012 година, донесен од страна на Управниот одбор на Јавната установа општинска детска градинка “Орце Николов“- Скопје.

Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од еднот на објавувањето во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Број 07- 2106/16
27.03..2012година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште

1.Се објавува Одлуката за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/17** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на РМ" бр.5/2002 ) и член 9, ставови 3 и 5 од Законот за градежно земјиште („Службен весник на РМ" бр. 17/11 и 53/11), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година, донесе

## ОДЛУКА

за неприфаќање на понуда за првенствено право на купување на градежно земјиште.

### Член 1

Не се прифаќа понудата за првенственото право на купување на градежно земјиште планирано за градење на објекти од јавен интерес од локално значење од сопственикот Борис Стевковски од Скопје, преку овластен нотар Мери Весова од Скопје, кое што претставува реален дел од КП број 2082/2 КО Нерези (нова положба КП број 2082/6 КО Нерези), во површина од 594 м2 од кои 432 м2 предвидено со намена зелен појас, а 162 м2 предвидено со намена улица - Новопроектирана 1, за потегот помеѓу Жданец и Нерези , Блок А.

.

### Член 2

Оваа одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во („Службен гласник на Општина Карпош").

Број 07- 2106/17
27.03. 2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

1.Се објавува Правилникот за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година.

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/18**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 22, став 1, точка 8 и член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа /„Службен весник на Република Македонија" бр. 5/02/ член 8, став 2 од Законот за финансирање на единиците на локалната смаоуправа /„Службен весник на Република Македонија" бр. 61/04, 96/04, 67/07, 156/09 и 47/11/ и член 162 од Законот за основното образование /„Службен весник на Република Македонија" бр. 103/08, 33/10, 116/10, 256/10, 18/11, 31/11 и 6/12/, Советот на Општина Карпош, на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година го донесе следниот

## П Р А В И Л Н И К

за методологија за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош

### Член 1

Со овој Правилник се пропишува методологијата за утврдување на критериуми за распределба на блок дотацијата наменета за општинските основните училишта на подрачјето на Општина Карпош.

### Член 2

Со средствата од блок дотацијата за финансирање на дејноста – основно образование, трансферирани од Буџетот на Република Македонија, согласно Буџетот на Општина Карпош за 2012 година, Програма Н1 и подпрограма Н10 – основно образование, се врши финансирање на општинските основни училишта: „Јан Амос Коменски", „Петар Поп Арсов", „Којдан Чернодрински", „Владо Тасевски", „Аврам Писевски", „Вера Циривири Трена", „Лазо Трповски", „Димо Хаџи Димов", „Братство" и „Христијан Тодоровски Карпош".

Срдствата од став 1 на овој член се распоредуваат поединечно на секое општинско основно училиште врз основа на претходно доставените податоци од страна на основните училишта и нивните годишни финансиски планови.

### Член 3

Распределбата на блок дотацијата по општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се врши по следните критериуми:

- вкупен број на ученици по училишта,
- број на ученици во предметна настава,
- број на ученици со посебни потреби,
- број на ученици – корисници на бесплатен превоз,

- тип на објектот на училиштето и
- начин на греење / централно или самостојно /.

**Член 4**

Освен за бруто платите, кои што се пресметани и дадени како задолжителна обврска по број на вработени и се изземени од методологијата, распределбата се врши само на средствата од блок дотацијата кои што се наменети за покривање на материјалните трошоци и тоа според следната формула:

НД=(м2хо,3)+(бр.уч.х4):(вк.м2хо,3)+(вк.бр.уч.х4), каде
НД – Наменски дел за покривање на материјални трошцо за 2012 година
(246.028.074,00 – 218.028.074,00 = 28.000.000,00) од кои:
(246.028.074,00 е вредноста на вкупната блок дотација за 2012 година за основно образование.
218.028.074,00 е вкупниот износ на бруто плати во сите основни училишта и
28.000.000,00 е разликата што останува за распределување за материјалните трошоци.

**Член 5**

Средствата за блок дотацијата до општинските основни училишта на подрачјето на Општина Карпош ќе се насочуваат преку Секторот за финансиски прашања на Општина Карпош месечно, односно по нивното трансферирање од страна на Министерството за образование и наука.

**Член 6**

Табелата со формулата за распределба на наменскиот дел од блок дотацијата за 2012 година е составен дел на овој Правилник.

**Член 7**

Овој Правилник влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош“ а ќе се применува од 1.1.2012 година.

Број 07-2106/18
27.03.2011 година
С к о п ј е

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Табела по формула

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа ("Службен весник на Република Македонија" бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедиција Монт Еверест 2012

1.Се објавува за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедиција Монт Еверест2012, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година .

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во "Службен гласник на Општината Карпош".

**Број 08-2309/19**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

# ОДЛУКА
за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти,учесници во експедиција Монт Еверест 2012

Член 1

На Илија Ристовски, истакнат македонски алпинист, член на КПС Македон, водич на експедицијата "Искачување на Еверест 2012", се доделуваат финансиски средства во износ од 150.000,00 денари за учество во експедицијата Еверест 2012 , во која ќе учествува и првата македонка која ќе се искачи на Монт Еверест.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Член 3

Оваа Одлука ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07- 2106/19
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

**Р Е Ш Е Н И Е**

за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедиција Килиманџаро 2012

1.Се објавува за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедиција Килиманџаро 2012, донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година .

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/20**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

**О Д Л У К А**

за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедиција Килиманџаро 2012

Член 1

На Иван Милев и Јани Беака, истакнати македонски алпинисити, се доделуваат финансиски средства во износ од 50.000,00 денари за учество во експедицијата Килиманџаро која ке се реализира во во месец мај 2012.

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Член 3

Оваа Одлука ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2106/20
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош ("Службен гласник на Општина Карпош" бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Одлуката за доделување финансиски средства за поддршка на истакнат спортист

1.Се објавува Одлуката за доделување финансиски средства за поддршка на истакнат спортист донесена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година .

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/21**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија" број 05/2002), Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година донесе

## О Д Л У К А

за доделување финансиски средства за поддршка на истакнат спортист

Член 1

На Емил Илиќ, истакнат спортист, светски рекордер, се доделуваат финансиски средства во износ од 124.000,00 денари за набавка на спортска опрема , за реализација  на големиот спортски подвиг (триатлон) посветен на народот и Владата на Руската Федерација,кој ќе се реализира  во средината на месец мај 2012 година..

Член 2

Средствата од член 1 на оваа Одлука да се издвојат од Буџетот на Општина Карпош за 2012 година.

Член 3

Оа Одлука ќе ја спроведат Градоначалникот и Секторот за финансии на Општина Карпош.

Член 4

Оваа Одлука влегува во сила наредниот ден од денот на објавувањето во „Службен гласник на Општина Карпош".

Број 07-2106/21
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ,
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош (“Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Исправка во Програмата за дејноста образование за 2012 година

1.Се објавува Исправка во Програмата за дејноста образование за 2012 година дадена на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година .

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/22**
**28.03.2012 година**
**Скопје**

**ГРАДОНАЧАЛНИК**
**НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија број 05/2002), по извршената проверка на изворниот текаст на Програмата за дејноста образование за 2012 година (“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.19/2011), утврдено е дека во текстот на Програмата е направена техничка грешка, заради што Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година врши

## И С П Р А В К А

во Програмата за дејноста образование за 2012 година

1.Во Програмата за дејноста образование за 2012 година(“Службен гласник на Општина Карпош“ бр.19/2011), во Глава 2—Проекти за реализација , точка 4-Школа за актерска игра,во делот “Подносител на проектот Димче Мешковски“ се врши исправка , така што во продолжение по зброовите Димче Мешковски, треба да стојат и зборовите “Гужва“ дооел –Скопје.

2.Оваа исправка ќе се објави во “Службен гласник на Општина Карпош“.

Бр.07-2106/22
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

Врз основа на член 50 став 1 точка 3 од Законот за локалната самоуправа (″Службен весник на Република Македонија″ бр.5/2002),а во врска со член 75 став 1 од Статутот на Општина Карпош („Службен гласник на Општина Карпош” бр.1/2006), Градоначалникот на Општина Карпош донесе

## Р Е Ш Е Н И Е

за објавување на Мислењето на на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти

1.Се објавува Мислењето на на Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти дадено на Педесеттата седница на Советот на Општина Карпош одржана на 27 март 2012 година .

2.Ова Решение влегува во сила со денот на донесување, а ќе се објави во ″Службен гласник на Општината Карпош″.

**Број 08-2309/23** **ГРАДОНАЧАЛНИК**
**28.03.2012 година** **НА ОПШТИНА КАРПОШ,**
**Скопје** **Стевчо Јакимовски,с.р.**

Врз основа на член 36, став 1 од Законот за локалната самоуправа („Службен весник на Република Македонија број 05/2002), член 5 став 3 од Законот за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти ("Службен весник на Република Македонија бр.66/04,55/07,145/10 и 136/11"), а во врска со Листата на имиња на улици, плоштади ,мостови и други инфраструктурни објекти предложена од Комисијата за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти на Советот на град Скопје, Советот на Општина Карпош на Педесеттата седница одржана на 27 март 2012 година го даде следното

## М И С Л Е Њ Е

1. Листата на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, предложена од Комисијата за именување улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни об јекти на Советот на Град Скопје не може да се прифати од следните причини:

- При нејзиното утврдување не се одржала јавна расправа во која што би учествувале граѓаните на Град Скопје, при што, како најповикани да го сторат тоа, би можеле да го дадат својот став и предлози за определување на имиња на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти,

-Во постапката за определување на листата на улици, плоштади, мостови и други инфраструктурни објекти, не се вклучени релеватнти научни институции, со што предлагачот направил крајно сериозен пропуст,

- Во предложената листа недостасуваат поголем број на имиња од нашето поблиско минато, а се пропуштени и многу имиња на заслужни личности и настани кои придонеле за развојот и афирмацијата на нашата држава.

2.Мислењето да се достави до Советот на Град Скопје.

3 Мислењето да се објави во "Службен гласник на Општина Карпош".

Бр.07-2106/23
27.03.2012 година
Скопје

ПРЕТСЕДАТЕЛ
НА СОВЕТОТ НА ОПШТИНА КАРПОШ
**Трифун Трифуновски,с.р.**

# С О Д Р Ж И Н А

1.- Одука за измена на распоредот на средствата во Буџетот на Општина Карпош за 2012 година со Решение за објавување

2.-Одлука за изменување на Одлуката за извршување на Буџетот на Општина Карпош за 2012 година со Решение за објавување

3.-Одлука за утврдување на Нацрт - Детален урбанистички план за дел од централен комплекс на зеленило покрај река Вардар “Младинско-спортски центар“, дел од Блок 1 и дел од Блок 2, Општина Карпош, Скопје со Решение за објавување

4.-Програма за дополнување на Програмата за работа на Советот за 2012 година со Решение за објавување

5.-Програма за дополнување на Програмата за дејноста спорт за 2012 година со Решение за објавување

6.-Програма за изменување и дополнување на Програмата за активностите на Општина Карпош од обласа на локалниот економски развој за 2012 година и Пречистен текст на Програмата со Решение за објавување

7.-Акционен план за спроведување на мерки и активности дефинирани со ЛЕАП (Локален еколошки акционен план) за 2012 година со Решение за објавување

8.-Одлука за изменување на Одлуката за избор на најповолна понуда со Решение за објавување

9.-Заклучок за усвојување на Извештајот за реализација на Програмата за активности на Општина Карпош во развој и унапредување на месната самоуправа во Општина Карпош со Решение за објавување

10.-Заклучок за усвојување на Извештајот за работа на Секторот инспекторат за 2011 година со Решение за објавување со Решение за објавување

11.-Одлука за воспоставување соработка помеѓу Општина Карпош и Градот Скопје, заради изградба на улица “Димитар Митрев“ и топловод на ул.”Багдадска”-Општина Карпош со Решение за објавување

12.-Согласност на измената на Програмата за организација и изведување на екскурзии за учебната 2011/12 на ООУ “Лазо Трповски“со Решение за објавување

13.-Мислење на Програмата за реализација на наставно-научна екскурзија за учениците од VI одделение во учебната 2011/2012 година во ООУ “Вера Циривири-Трена“ ,Општина Карпош-Скопје со Решение за објавување

14.-Мислење на Програмите за изведување на ученички екскурзии и други ученички активности во ОУ “Братство “, Општина Карпош-Скопје со Решение за објавување

15.-Одлука за давање Согласност на Одлуката на Управниот одбор на ЈУОГД “Орце Николов“ за склучување на договор за подготовка и дистрибуција на храна за децата од предшколска возраст со Решение за објавување

16.-Одлука за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти,учесници во експедицијата Монт Еверест 2012 со Решение за објавување

17.-Одлука за доделување финансиски средства за поддршка на истакнати спортисти-алпинисти, учесници во експедицијата Килиманџаро 2012 со Решение за објавување

18.-Одлука за доделување финансиски средства за поддршка на истакнат спортист-Емил Илиќ со Решение за објавување

19.-Исправка на техничка грешка во Програмата за дејноста образование за 2012 година со Решение за објавување

20.-Одлука за воспоставување соработка помеѓу Град Скопје и Општина Карпош, за обезбедување на приклучоци на водоводна и фекална канализациона мрежа на подрачје на Општина Карпош со Решение за објавување

**Издавач:** Општина Карпош
**Уредува**: Сектор за правни работи – Одделение за поддршка на работата на Советот
**Адреса:** Ул. Демир Трајко, тел. 3065-925
**Тираж:** 25 примероци